Јавна здравствена установа
Универзитетски институт за позитронско
-емисиона томографија на Република Македонија
Бр. 04-218/07
04.10.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" 275/19 и 14/20), Директорот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија, донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2023 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на работно место број 1 **Раководител на сектор за материјално-финансиско работење и административно-технички работи** во Сектор за материјално-финансиско работење и административно-технички работи, се избира кандидатот **Бојана Ѓуровска**.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 20.09.2023 година е објавен Интерен оглас број 01/2023 на веб страната на институцијата и на Агенцијата за администрација за унапредување на административен службеник во ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија.

Со решение број 04-218/04 од 02.10.2023 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04-218/06 од 03.10.2023 година и Записник од спроведување на интервју, број 04-218/05 од 03.10.2023 година.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати, за работно место **Раководител на сектор за материјално-финансиско работење и административно-технички работи** во Сектор за материјално-финансиско работење и административно-технички работи, Директорот на ЈЗУ Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на Република Северна Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на институцијата.

ЈЗУ Универзитетски институт за
позитронско-емисиона томографија
на Република Северна Македонија
ДИРЕКТОР

Проф. д-р Ана Угринска

Изработил: Бојан Гуџевски

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор за материјално-финансиско работење и административно-технички работи
- Архива